РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr. 09-4455/2
16-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 38-та седница – трето продолжение, одржана на ден 14.09.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-4455/1 од 25.09.2019 година, доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА. Државната комисија нема доволно елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси против службените ------------- и ------------, согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-4455/1 од 25.09.2019 година да се затвори и да се архивира

**Образложение**

Предметот со број 09-4455/1 од 25.09.2019 година е оформен врз основа на пријава по електронска пошта доставена од лицето -----------, во која има наводи за судир на интереси поврзан со јавни набавки, односно пријавувачот укажува дека фирмата ------------------- континуирано добива тендери во Јавни институци. Како управител на фирмата се јавува --------------, вработена во Фондот за ---------------, подрачна единица ---------- и член на -----------------, а нејзиниот сопруг ----------------- е заменик командир на Полициска Станица -----------. Пријавувачот доставил приказ институции во кои наведената фирма добила договори за јавни набавки, пред се се работи за јавни набавки во ОУ ----------------- – за превоз на ученици и ------------- исто за превоз на ученици.

Поради фактот што навните набавки кои ги добила фирмата ------------------- се во ОУ -------------- – за превоз на ученици и -------------------- исто за превоз на ученици, Државната комисија не може да утврди повреда на член 51 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на службените лица ----------- и ----------------, бидејќи во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности наведените лица не воспоставиле деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство. Јавните набавки се добиени во други институции, во кои ------------- и ------------- не вршат јавни овластувања и должности.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Понатаму Државната комисија не може да утврди ниту повреда на член 73 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно службените лица ---------------- и -------------------, на ниту еден начин не може да бидат вклучени во постапките за спроведување на јавни набавки во ОУ ---------------- и ДСУ --------------------- ниту пак да учествуваат во расправа во која се одлучува за работи за кои тие или блиско лице имаат приватен интерес, бидејќи своите јавни овластувања ги извршуваат во други институции.

Имено согласно член 73 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

*„(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.*

*(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.*

*(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон."*

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, виш соработник
Одобрил: Катица Николовска, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**